РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ Гоце Делчев “ - Штип
ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА
„Генерал Михаило Апостолски “ – Скопје
- придружна членка-

Б И Л Т Е Н

НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА

77

12 септември 2018 година
Скопје

СОДРЖИНА

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научно подрачје на техничко-технолошки науки, научните полиња електроника и автоматика и машинство и научни области основи на електроника и производно машинство, технологии и систем.....1478

2. Реферат за избор на наставник во сите звања во научното подрачје: 5. општествени науки, научно поле: 511. социологија, научни области: 51102. „социологија на политиката“, 51111. „социологија на религија“ и 51117. „социологија на правото и криминалистика“ на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје – придружна членка – на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип 1488

3. Реферат за избор на наставник во научното подрачје: 5. општествени науки, научно поле: 508. правни науки, научна област: 50804 „казнено право“, 50818 „човекови права и слободи“ 50815 „меѓународни односи и историја на дипломатија“ на Воената академија во Скопје при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип 1500

4. Реферат за избор на соработник во следниве области: 22601 муниција и експлозивни материи и 51511 воени науки Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје – придружна членка – на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.....1506

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ НА ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ НАУКИ, НАУЧНИТЕ ПОЛИЊА ЕЛЕКТРОНИКА И АВТОМАТИКА И МАШИНСТВО И НАУЧНИ ОБЛАСТИ ОСНОВИ НА ЕЛЕКТРОНИКА И ПРОИЗВОДНО МАШИНСТВО, ТЕХНОЛОГИИ И СИСТЕМИ

Врз основа на конкурсот на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје, придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ објавен во дневните весници „Вечер“ и Коха од 30.06.2018 година и на веб страницата на Воена академија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научното подрачје на 2-Техничко-технолошки науки, научните полиња 204-Електроника и автоматика и 214-Машинство и научни области 20414-Основи на електроника и 21403-Производно машинство, технологии и системи, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 03-11/105 од 24.07.2018, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Василија Шарац, вонреден професор на Електротехнички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, д-р Миколај Кузиновски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје и д-р Росе Смилески, редовен професор на Воена академија во Скопје. Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научното подрачје на 2-Техничко-технолошки науки, научните полиња 204-Електроника и автоматика и 214-Машинство и научни области 20414-Основи на електроника и 21403-Производно машинство, технологии и системи, во предвидениот рок се пријави само кандидатот д-р Невен Трајчевски, доцент на Воена академија во Скопје.

I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Невен Трајчевски е роден на 08.02.1976 година во Понторлиер, Франција. Во 1990 година завршил основно образование во ОУ „25 Мај“ - Скопје. Во 1994 година завршил техничка средна воена школа во Крушевац, насока телекомуникации. Во 2002 година завршил Природно-математички факултет во Скопје, насока математика-физика. Магистерската работа со наслов „Мониторинг систем во експерименталните истражувања при обработка со стружење“ ја одбранил во 2008 година на Машинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. Во 2013 година на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје одбранил докторска дисертација со наслов „Развој на методологија за оцена на квалитетот на експерименталните резултати при истражување на физичките појави во процесите на обработка со симнување на материјал“.

Во Министерството за одбрана, Армијата на Република Македонија, се вработил во 1995 година и работел како подофицер до 2006 година. Во 2006 година по завршување на курс за стручно оспособување за офицери на техничката служба поставен е за командир на вод за комуникациски центри, а во 2009 година поставен е за офицер за логистика во батаљоноот за врски.

Во 2009 година од страна на Матичната комисија за формирање на Воената академија избран е за соработник по предметот Физика според одлука на Воена академија бр. 03-39/37 од 11.03.2010 г. Во 2012 година Наставно-научниот совет на Воената академија со одлука број 03-18/231 од 05.07.2012 година го избира во соработничко звање асистент по предметите Основи на електроника, Основи на електротехника и Физика. Рефератот за избор во соработничко звање асистент е објавен во Билтен на Воената академија број 54 од 14 јуни 2012 година. Во 2013 година Наставно-научниот совет на Воената академија го избира во наставник во наставно-научно звање доцент со одлука број 03-17/275 од 31.12.2013 г., во научните области електроника и физика. Рефератот за избор во наставно-научно звање доцент е објавен во Билтен на Воената академија број 65 од 16 декември 2013 година.

Кандидатот д-р Невен Трајчевски, доц. успешно го владее англискиот јазик.

Врз основа на самоевалуацијата спроведена од Комисијата за самоевалуција на Воената академија според упатството за самоевалуација и оценување на квалитетот на Воена академија Скопје, кандидатот д-р Невен Трајчевски, доцент, има позитивна оценка.

На работното место е активен и има завршено повеќе курсеви за унапредување и усовршување, а посебно се значајни 3 курсеви во текот на 2018 година од Програмата за обука на предавачи во одбраната изведени од Конзорциум на Партнерство за мир на академии за одбрана и институти за безбедносни студии.

Врз основа на сета поднесена документација, релевантна во постапката за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научното подрачје на 2-Техничко-технолошки науки, научните полиња 204-Електроника и автоматика и 214-Машинство и научни области 20414-Основи на електроника и 21403-Производно

машинство, технологии и системи, согласно со објавениот конкурс, Рецензентската комисија ги зема предвид вкупните наставно-образовни, научноистражувачки, стручно-апликативни и други остварувања на кандидатот д-р Невен Трајчевски, во периодот пред и по изборот во наставно-научното звање доцент.

II. ЗАКОНСКИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

1. Кандидатот д-р Невен Трајчевски е доктор на технички науки, докторирал 2013 година на Машински факултет во Скопје и во 2013 година е избран за доцент на Воена академија во Скопје, при Универзитетот „Гоце Делчав“ - Штип во две научни области електроника и физика.

2. Објавени најмалку пет рецензирани научни трудови од соодветната област во референтни научни публикации:

Табела 1. Рецензирани научни трудови објавени во референтна научна публикација на конференции во земјата

Рб	Автор	Наслов на трудот	Списание	Години на излегување на списанието
1	Vasilija Sarac, Goce Stefanov, **Trajchevski Neven**	Transient and Numerical Models of Three Phase Induction Motor	Proceedings of 1st International Conference “Applied Computer Technologies”, ACT 2018 – Ohrid, ISBN 978-608-66225-0-3, pages 101-109, 21-23 June 2018.	1
2	**Neven Trajchevski**, Vasilija Sarac, Goce Stefanov, Mikolaj Kuzinovski and Mite Tomov	Integrated machining process modelling and research system	Proceedings of 1st International Conference “Applied Computer Technologies”, ACT 2018 – Ohrid, ISBN 978-608-66225-0-3, pages 110-117, 21-23 June 2018.	1

Табела 2. Рецензирани научни трудови објавени во референтна научна публикација на конференции во странство

Рб	Автор	Наслов на трудот	Списание	Години на излегување на списанието
3	**Trajchevski Neven,** Kuzinovski Mikolaj, Tomov Mite, Cichosz Piotr	Outlook on measurement, uncertainty and mathematical representation of the physical phenomena that occur in machining processes	IOP Conf. Series: Materials Science and Engineering 393 (2018) 012017 doi:10.1088/1757-899X/393/1/012017	10
4	**Trajčevski Neven**, Tomov Mite, Kuzinovski Mikolaj, Cichosz Piotr	Introducing of measurement uncertainty in empirical power models of physical phenomena during machining processes	IX Konferencja Szkoły Obróbki Skrawaniem, Kielce-Sandomierz, 23-25.09.2015. Polska. pp.56-62.	9
5	Tomov Mite, Kuzinovski Mikolaj, **Trajčevski Neven,** Cichosz Piotr, Skowronek Hubert	Influence of the end effects on roughness parameters for short non-periodic profiles	XXXVII Naukowa Szkoła Obróbki Ściernej, Kolobrzeg, 23-25.09.2014, pp. 323-327, Poland, 2014.	37
6	Kuzinovski Mikolaj, **Trajčevski Neven**, Tomov Mite, Cichosz Piotr, Skowronek Hubert	An approach for measurement uncertainty evaluation of cutting force in machining by turning	VIII Szkoła Obróbki Skrawaniem, Międzyzdroje – Szczecin, pages 55-62, Koszalin, Poland, 2014, ISBN 978-83-7518-705-2	8

Табела 3. Рецензирани научни трудови објавени во референтна научна публикација во списние

Рб	Автор	Наслов на трудот	Списание	Години на излегување на списанието
7	**Trajčevski Neven**, Tomov Mite, Kuzinovski Mikolaj, Cichosz Piotr	Introducing of measurement uncertainty in empirical power models of physical phenomena during machining processes	Journal Mechanik NR 8-9/2015, Poland, 2015. pp. 720. PL ISSN 0025-6552. http://dx.doi.org/10.17814/mechanik.2015.8-9.411	96
8	Tomov Mite, Kuzinovski Mikolaj, **Trajčevski Neven,** Cichosz Piotr, Skowronek Hubert	Influence of the end effects on roughness parameters for short non-periodic profiles	Journal Mechanik, NR 8-9/2014, pp. 728, Poland, 2014, PL ISSN 0025-6552.	95
9	**Trajčevski Neven,** Kuzinovski Mikolaj, Tomov Mite, Cichosz Piotr	Monte Carlo simulations in validation of measurement uncertainty of cutting force during machining by turning	Górnictwo Odkrywkowe, Rocznik LV, Nr 4-5, pages 116-120, Instytut Górnictwa Odkrywkowego "Poltegor-Instytut", Poland, 2014.	55
10	Kuzinovski Mikolaj, **Trajčevski Neven**, Tomov Mite, Cichosz Piotr, Skowronek Hubert	An approach for measurement uncertainty evaluation of cutting force in machining by turning	Journal Mechanik, NR 8-9/2014, pp. 730, Poland, 2014, PL ISSN 0025-6552.	95

III. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Д-р Невен Трајчевски, во текот на траењето на два избора во соработничо звање има реализирано вежби и други наставно-образовни активности по повеќе предметни програми на Воената академија во Скопје придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип во периодот од 2009 до 2013 година, коишто се вреднувани во текот на неговиот избор во наставно-научно звање доцент и објавени во рефератот којшто е објавен во Билтен на Воената академија број 65 од 16 декември 2013 година.

Во рамките на наставно-образовната дејност на Воената академија во Скопје придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, кандидатот д-р Невен Трајчевски, во периодот по изборот во наставно-научно звање доцент учествува во реализацијата на наставниот процес на двата циклуси студии:

На првиот циклус на студии кандидатот изведува настава по предметните програми Физика, Физика1, Физика 2, Основи на електроника, Основи на електроника 1, Основи на електроника 2. Дополнително се јавува и како носител и бил вклучен во наставата заедно со надворешни стручњаци од практиката во предметните програми Основи на метеорологија, Метеорологија, Воздухопловна метеорологија и Комуникациско-информатички уреди.

Воедно, во рамките на првиот циклус на студии, кандидатот изведува и вежби по предметните програми Физика, Физика1, Физика 2, Основи на електроника, Основи на електроника 1, Основи на електроника 2.

Во вториот циклус на студии, кандидатот д-р Невен Трајчевски е вклучен во реализација на наставата по предметната програма Оружје за масовно уништување.

IV. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во делокругот на научно-истражувачката дејност, кандидатот д-р Невен Трајчевски, во периодот пред изборот во наставно-научно звање доцент, т.е. во текот на неговите последипломски студии и во текот на траење на соработничките звања, континуирано активно учествува во научно-истражувачки активности и како резултат на тоа, во постапката за избор во наставно-научно звање доцент, вреднувани се вкупно 18 научни публикации објавени воглавно на странски научни собири и во странски научни списанија, вреднувано е учество во 3 научно-истражувачки и развојно-истражувачки проекти финансирани од Министерството за образование и наука на Република Македонија, 2 студијски престоја во странство, учества на научни конференции, награда за научно постигнување на странска научна конференција и др. што е објавено во рефератот на Рецензионата комисија во Билтен на Воената академија број 65 од 16 декември 2013 година.

Континуитетот на научноистражувачките активности на д-р Невен Трајчевски, доцент продолжуваат и по изборот во наставно-научното звање доцент. Така, во периодот од јануари 2014 до јуни 2018 година, д-р Невен Трајчевски, доцент, има публикувано вкупно 10 научни трудови во референтни научни публикации од областа и дел од монографија, и тоа:

- дел од Монографија: 20 Години Воена Академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје, придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, 2015 .г. Скопје, ISBN 978-9989-134-09-8;
- 2 (два) рецензирани научни трудови објавени во референтна научна публикација на конференции во земјата во Охрид и прикажани во точката II, Табела 1 од овој реферат;
- 4 (четири) рецензирани научни трудови објавени во референтна научна публикација на конференции во странство (Нови Сад, во Србија и Полска) и прикажни во точката II, Табела 2 од овој реферат;

- 4 (четири) рецензирани научни трудови објавени во референтна научна публикација во списние (во Полска) и прикажани во точката II, Табела 3 од овој реферат;

Објавените резултати од научните истражувања се резултат на заеднички научно-истражувачки активности со колегите од Машинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Вроцлавската политехника од Полска и Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во текот на овој период д-р Невен Трајчевски учествувал со свои излагања на три научни конференции во земјата и странство.

V. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИОНО РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ

Во делокругот на стручно-апликативна и организационо развојна дејност, кандидатот д-р Невен Трајчевски, доцент во периодот пред изборот во наставно-научно звање доцент, т.е. во текот на неговите последипломски студии и во текот на траење на соработничките звања, континуирано реализира стручно-апликативна дејност со колегите од Машинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј и на работното место во Армијата на Република Македонија и на Воената академија во Скопје и како резултат на тоа, во постапката за избор во наставно-научно звање доцент, вреднувани се 6 стручни труда и рецензиран програмски пакет што е објавено во рефератот на Рецензионата комисија во Билтен на Воената академија број 65 од 16 декември 2013 година.

Во периодот после изборот во звање доцент, од јануари 2014 до јуни 2018 година, д-р Невен Трајчевски, доцент, има поголем број на активности од стручно-апликативна и развојната дејност во матичната установа коишто можат да се согледаат преку учества во разни факултетски тела, органи и комисии:

- Член на 7 комиисии за спроведување на конкурси за запишување на студенти на 1. и 2. циклус на студии и за запишување на слушатели на стручни оспособувања и усовршувања;
- Член во уредувачкиот одбор за одбележување на јубилејот 20 години Воена Академија - Скопје во 2015 година;
- Член во комисија за изработка на функционална анализа на Воена Академија - Скопје во 2016 година;
- Учество во 2 други комисии (определување родови, попис);
- Секретар на комисијата за 2.циклус со одлука на ННС бр. 03-15/169 од 22.06.2015 г. до 2018 год;
- Член на Наставно-научниот совет на Воена академија.
- Кандидатот учествувал во 6 комисии за одбрана на дипломски работи, 5 комисии за оценка и одбрана на магистерски работи и 3 комисии за оценка и

одбрана на специјалистички трудови, како и во 2 комисии за избор на наставник во наставно-научно звање доцент.

Во состав на комисии од катедрата има учество во 6 комисии за предмети (комисиски испити, признавања и потпишувања индекси).

Со одлука на Наставно-научниот совет на Војната академија од 2016 година заведена под бр. 03-11/124 од 30.10.2017 год. одреден е за Ментор на класа (класен раководител, согласно Кредит трансфер системот - ЕКТС).

Од стручните награди и признанија кандидатот ги има добиено следните:

- Наградно отсуство од Деканот на ВА бр. 07-506/1 од 18.08.2016 г.
- Сребрена значка за долгогодишна служба во АРМ од Министерот за одбрана од 18.08.2015 година.
- Пофалница по повод јубилејот „20 Години Воена академија“ бр. 02-21/4 од 09.06.2015 г.

Кандидатот со пријавата достави и еден стручен труд (елаборат) од соработка со индустријата, а значаен за областа: Невен Трајчевски, Проект за внатрешно реновирање на приземје и кат во објект на ТФ ТЕЦХ - Скопје, фаза ЕЛЕКТРИКА, КОРТЕК МБ доо - Скопје, 2017 година.

VI. ЗАКЛУЧОК

Врз основа на податоците од професионалната биографија, научните, стручните, педагошките и другите остварувања на кандидатот коишто се од важност за утврдување на условите за избор во соодветно звање, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Невен Трајчевски, доцент ги исполнува условите за избор во повисоко наставно-научно звање согласно Законот за Високо образование, Законот за Воена академија, според конкурсот распишан од Наставно-научниот совет на Војната академија придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Скопје и според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Рецензентската комисија смета дека полето на истражување во докторската дисертација и магистерскиот труд, научната област во којашто е избран во доцент, како и научните дисциплини кои се опфатени во објавените трудови како резултат на научно-истражувачката работа на кандидатот се тесно поврзани со научните области за кои конкурира. Според табелата за активности кои се бодираат при избор д-р Невен Трајчевски, доцент ги исполнува предвидените бодови за избор.

Кандидатот се одликува со висок степен на познавања од научноистражувачкото подрачје, а особено во научноистражувачката област во која се избира, со нагласена желба, мотивираност и способност за понатамошно усовршување. Исто така, за одбележување е и неговата коректност и благонаклонетост во соработката како со студентите, така и со наставниот кадар на академијата и пошироко на Универзитетот, со што се карактеризира со уште една многу важна особина на академската средина - способност за работа со студентите и подготвеност за долгорочна соработка со колегите. Д-р Невен Трајчевски, доцент, има

постигнато забележителни резултати, како во својата научна работа, така и во нејзината практична примена, што е од големо значење за пренесување на тие искуства на младите генерации, со кои ќе работи во иднина. Комисијата посебно го истакнува овој аспект на квалитетот на кандидатот, бидејќи неговата ориентираност кон имплементацијата на знаењето е од големо значење не само за него, туку уште повеќе, за пренесувањето на таа ориентација и на генерациите со кои ќе работи.

ПРЕДЛОГ

Имајќи го предвид изложеното во заклучокот, Рецензентската комисија одлучи да даде позитивна оценка кандидатот и затоа со големо задоволство и чест му предлагаме на Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“, кандидатот д-р Невен Трајчевски, доцент да го избере во звањето вонреден професор во научното подрачје на 2-Техничко-технолошки науки, научните полиња 204-Електроника и автоматика и 214-Машинство и научни области 20414-Основи на електроника и 21403-Производно машинство, технологии и системи.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

д-р Василија Шарац, вонр. проф., с.р.
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Електротехнички факултет

_____

д-р Миколај Кузиновски, ред. проф., с.р.
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
Машински Факултет - Скопје

_____

д-р Росе Смилески, ред. проф., с.р.
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје - придружна членка

_____

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ

ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Невен Трајчевски, доцент (2013 - 2018)				
Ред. број	**Наставно-образовна дејност**	**Поени**		**Вкупно поени**
		во земјата	**во странство**	
1	Избор во звање доцент	1 x 30	-	30
			(НО) ВКУПНО	**30**

Ред. број	**Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности**	**Поени**		**Вкупно поени**
		во земјата	**во странство**	
1	Дел од монографија или научна книга	1x6		6
2	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено во (SCI/CA/останати)	4x3		12
3	Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови на научен собир	2x1	4x2	10
4	Учество на научен собир со реферат (постер/усно) во земјата и во странство	2x1,5	1x2	5
5	Одбранета докторска теза	8		8
			(НИ+СУ) ВКУПНО	**41**

Ред. број	**Стручно-апликативна и организационо-развојна дејност**	**Поени**		**Вкупно поени**
		во земјата	**во странство**	
1	Елаборати и експертизи (стручни трудови)	1x2		2
2	Стручни награди и признанија	3x4		12
3	Член на факултетски орган, комисија	29x2		58
4	Член на институтски орган, комисија	6x2		12
5	Класен раководител, согласно Кредит трансфер системот - ЕКТС (2 години)	2		2
			(САОР) ВКУПНО	**86**
			(НО+НИ+СУ+САОР) ВКУПНО	157

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ВО НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ: 5. ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО ПОЛЕ: 511. СОЦИОЛОГИЈА, НАУЧНИ ОБЛАСТИ: 51102. „СОЦИОЛОГИЈА НА ПОЛИТИКАТА“, 51111. „СОЦИОЛОГИЈА НА РЕЛИГИЈА“ И 51117. „СОЦИОЛОГИЈА НА ПРАВОТО И КРИМИНАЛИСТИКАТА“, НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА „ГЕНЕРАЛ МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ“ ВО СКОПЈЕ– ПРИДРУЖНА ЧЛЕНКА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на член 173 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18) и Законот за Воена академија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/09) Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје на својата Седница одржана на 24.07.2018 година со одлука бр. 03-11/108 од 24.07.2018, формирана е Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања во научното подрачје: 5. општествени науки, научно поле: 511. социологија, научни области: 51102. „социологија на политиката“, 51111. „социологија на религија“ и 51117. „социологија на правото и криминалистиката“ на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје - придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

1. ред. проф. д-р Славко Ангелевски, полковник, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје/УГД Штип, претседател;
2. ред. проф. д-р Славејко Сасајковски, Институт за социолошки и правно-политички истражувања/УКиМ Скопје, член;
3. доц. д-р Александра Жежова, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ и на веб страницата на Воената академија на 03 јули 2018 година и на истиот се пријави кандидатот д-р Александар Грижев, мајор од С-СВБиР на МО. Врз основа на приложената документација, комисијата констатира дека документите на кандидатот се навреме доставени во Воената академија, и чест ни е на Наставно-научниот совет на Воената академија да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Александар Грижев е роден на 13.11.1978 година во Кавадарци, Република Македонија. Основно и средно образование завршува во Кавадарци, а во 2001 година дипломира на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје како прворангиран во класа, награден со пиштол од Министерот за одрана на РМ, проф. д-р Владо Бучковски. Промовиран е во потпоручник во родот АРЕ на ПВО.

Втор циклус на студии завршува во 2011 година на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет на универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Личносни промени кај припадниците на АРМ кои учествуваат во мировни мисии на Блискиот Исток“ се стекнува со научен степен магистер на психолошки науки.

Третиот циклус на студии го завршува во 2014 година на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Со одбраната на докторската дисертација под наслов „Идеологијата на вахабизмот и традиционалното практикување на Исламот во Република Македонија“ се стекнува со звање доктор на социолошки науки.

Во 2017 година започнува со школување на Универзитетот на Маринскиот Корпус на САД во Квантико, Вирџинија, а наредната 2018 година дипломира на командно-штабниот колеџ со почести.

ЗАКОНСКИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ

Д-р Александар Грижев ги исполнува законските услови за избор во звање доцент:

1. Диплома за стекнат научен степен доктор на науки од научната област во која се избира.

Кандидатот достави нотарски заверена диплома за завршен трет циклус на студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања. Со дипломата се потврдува дека именуваниот се стекнал со научен степен доктор по социолошки науки.

2. Просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и втор циклус, за секој циклус посебно.

Д-р Александар Грижев го има завршено првиот циклус на студии со среден просек од 9,60; а вториот циклус со среден просек од 8,00.

3. Објавени најмалку четири научно-истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или меѓународни научни труда со импакт фактор.

Од доставената документација на кандидатот се гледа дека истиот има објавено повеќе од четири научно-истражувачки трудови на меѓународни научни конференции.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

После дипломирањето на Воената академија во Скопје во 2001 година, мајор д-р Александар Грижев извршувал повеќе командни и штабни должности во ГШ на АРМ, а од 2010 година е на служба во С-СВБиР на МО. Во воената служба за безбедност и разузнавање е од 2006 година, а од 2015 година е ангажиран од страна на Воената академија за реализација на вежбите по предметот Социологија, во првиот циклус на студии.

За време на службата во АРМ и МО учествувал на голем број на домашни и меѓународни активности, обуки, курсеви и стручни оспособувања и усовршувања:

- Командно-штабна академија, Марински Корпус на САД, Јуни 2017-Јули 2018, Квантико, Вирџинија, САД.
- Проширување на можностите за користење на информации од отворени извори во дигиталната ера против религиозното милитантство, 8-11.08.2017 година, Скопје, РМ.
- Безбедносното опкружување, терористичките закани, миграциите и нивното влијание врз безбедноста, 22-24.03.2017, Скопје, РМ.
- НАТО цивилно-воена соработка, 20-24.02.2017, Сараево, БиХ.
- НАТО операции за поддршка на мирот, Февруари 2017, (JADL) НАТО Школа Оберамергау, СР Германија.
- ООН операции за зачувување на мирот (работилница за подготовка пред упатување и административна поддршка), Мај 2016, Скопје, РМ.
- Борба против тероризмот во Југо-Источна Европа, Февруари 2016, Охрид, РМ.
- Комбинирана програма за стратегиско разузнавање, Април-Мај 2015, Вашингтон, САД.
- Напреден курс за воено разузнавање, Јуни-Декември 2013, Аризона, САД.
- Грчки јазик, напредно ниво, 2012, Скопје, РМ.
- Правни аспекти на борбата против тероризмот, 2011, Охрид, РМ.
- Цивилно-воени одговори на тероризмот, 2011, Монтереј, Калифорнија, САД.
- Курс за воени набљудувачи на ОН, 2010, Анкара, Турција.
- Грчки јазик (почетно ниво), 2009, Скопје, РМ.
- Јазична подготовка (германски) за напреди безбедносни студии, Мај-Јуни 2008, Гармиш Партенкирхен, СР Германија.
- НАТО и европска безбедносна соработка, 2008, НАТО Школа Оберамергау, СР Германија.
- Подготвителен курс за упатување во ИСАФ во Авганистан, 2008, НАТО Школа Оберамергау, СР Германија.
- Основен курс за ОСЛ, 2006, Скопје, РМ.
- Тактички воено-разузнавачки операции, 2006, Скопје, РМ.

- Воена терминологија по германски јазик, Септември-Декември 2005, Будимпешта, Унгарија.
- Психо-тераписка едукација, 2003-2004, Скопје, РМ.
- Курс за против-воздушни ракетни системи Стрела-10М и Игла, 2001, Скопје, РМ.
- Курс за командири на водови, 2001, РМ.

Кандидатот д-р Алексадар Грижев бил учесник во две мировни мисии:

- Мировна мисија „Iraqi Freedom“ во 2006. Бил дел од Директоратот за цивилно-воена соработка во склоп на амбасадата на САД во Багдат, Ирак. За извршување на задачите и постигнатите резултати е награден со медал за особени заслуги (Meritorious Service Medal) на Армијата на САД.
- Мировна мисија „ISAF“ во Авганистан. Бил дел од четата за заштита на силите, одговорна за безбедноста на главниот штаб на мисијата во Кабул, Авганистан. Награден е со НАТО медал (НАТО Non-Article 5).

Во текот на службата во АРМ и МО бил член на различни работни групи:

- Стандардизација од областа на ПВО,
- Стандардизација од областа на воената служба за безбедност и разузнавање,
- Годишна Национална Програма за Членство во НАТО,
- PARP (Planning and Review Process), одговорен за ПЦ на С-СВБиР на МО: Национални HUMINT способности.
- Дел од тимот за изработка на Стратегиски Одбранбен Преглед 2018.

Д-р Александар Грижев бил учесник на две мултинационални вежби:

- Cooperative Best Effort (НАТО/ПзМ), 1997, РМ.
- Rapid Trident 07(НАТО/ПзМ), 2007, Киев, Украина.

Во текот на кариерата мајор д-р Александар Грижев учествувал на повеќе меѓународни стручни и научни конференции и симпозиуми:

- Балканска МО-МВР контра-терористичка соработка, Јуни 2016, Софија, Бугарија.
- Меѓународна научна конференција “Лицата на кризата”, Март 2012, Европски Универзитет, Скопје, РМ.
- Справување со насилниот екстремизам, Мај 2014, George Marshall Center for Security Studies.

- WEBADIC IV: European Military & Defense Intelligence Professionals Training & Education Initiative, Септември 2014, Скопје, РМ. (модератор)
- SEEMIC VI: Cyber Threats as a Rising Security Issue in Southeast Europe, Септември 2014, Скопје, РМ. (модератор)
- Тероризам: Превенција од радикализација на младата популација, Октомври 2014, МВР на РМ, Охрид, РМ.
- Меѓународна научна конференција "Influence of the scientific and technological development in the field of law, economy, culture, education and security in Republic of Macedonia", Ноември 2014, Универзитет ЕвроБалкан, Скопје, РМ.
- Меѓународна научна конференција "Knowledge – Capital of the Future", Ноември 2014, Институт за менаџмент со знаење, Банско, Бугарија.
- "New Security Challenges for South-Eastern Europe", Декември 2014, RACVIAC – Центар за безбедносна соработка, Загреб, Хрватска.
- International Scientific Conference "Ambassadors of the peace", Март 2015, Сараево, Босна и Херцеговина.
- Меѓународна научна конференција "Knowledge – Capital of the Future", Октомври 2015, AgiaTriada, Грција.
- Меѓународна научна конференција "Knowledge – Capital of the Future":Knowledge for capabilities & skills, Декември 2015, Бугарија.
- Меѓународна научна конференција„Денови на кризно управување": Европско безбедносно опкружување и предизвици, Април 2016, Сплит, Хрватска.

<u>Награди и признанија:</u>

- НАТО медал (Non-Article 5) за учество во мисија ISAF во ИР Авганистан, 2012.
- Сертификат за постигнување, ISAF HQ/BSG, Кабул, 2012.
- Признание за успешно и професионално извршување на задачите од ННП, ИСАФ МАККОН 2012/2.
- Медал за особени заслуги (Meritorious Service Medal) за учество во мисија Iraqi Freedom во Ирак, 2006.
- Сертификат за постигнување, Multi-National Forces-Iraq/CMOD, Багдат, 2006.
- Благодарница, Multi-National Forces-Iraq/CMOD, Багдат, 2006.
- Пофалница од Командантот на ВВ и ПВО, 2003.

Д-р Александар Грижев одлично го познава англискиот јазик (STANAG 3.3.3.3. од 2016/APTIS C&C, 2015), а има елементарни познавања на германскиот јазик (STANAG 2.2.2.2. од 2005) и на грчкиот јазик (B1, 2012).

ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ СО ОРИГИНАЛНИ НАУЧНИ РЕЗУЛТАТИ

Објавени научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации

1. **D-r Aleksandar Grizev**, d-r Ivan Blazevski. Knowledge About the Contemporary Wahhabism – Facts About its Influence“, Institute for management of knowledge, 2014. ISBN 978-608-65653-7-4.

In the second half of the twentieth century and the beginning of the new millennium, there is a kind of revolution within Islam as a religion, which advocates strict adherence to Islam, its purification from the innovations coming from the other cultures. In different parts of the world, in different countries, there are emerging trends, groups and ideologies, which are trying in various ways to point out that Muslims strayed from the path to Allah and do not practice Islam as prescribed by the Koran, the Sunnah and the hadiths.
One of these conservative and fundamental Islamic movements, which had its major impact on many other Islamic movements and which is very popular nowadays is the Wahhabism and its ideology. This relatively new (originated in 18th century in Saudi Arabia) ultraconservative movement within Islam, advocates purifying the Islam of any innovations, its acculturation, a return to the way of practicing Islam the way it has been practiced in the time of prophet Muhammad and his contemporaries.

The purpose of this paper is to clarify the situation regarding the contemporary Wahhabism, in other words, to observe if it is still one of the leading fundamental and radical religious movements inside Islam or it is slowly losing its influence.

2. D-r Ivan Blazevski, **d-r Aleksandar Grizev**. Ethical Dimension of the Management, Institute for management of knowledge, 2014. ISBN 978-608-65653-7-4.

Current conditions in the global economy, achieving the needed competitive advantage and achieving goals that do not only mean increased profits, became imperative for every organization. These goals include achieving and maintaining customer satisfaction, employees, and shareholders, whereupon the realization of these goals should be made as much as quality, and the most acceptable way for the organization. In order for employees and the organization to succeed in achieving these goals, it is important that their actions and activities are based on the ethical principles and business policies. Organizations that succeed to comply and strike a balance between the principles of profitability and ethics, can justly expect long-term perspective on growth and development.

3. **D-r Aleksandar Grizev**, MsC Dimitar Grizev. NATO Bombing of Yugoslavia – Violation of the International Humanitarian Law?, Saraevo, BiH, 2015. ISSN 2303-7768.

From March 24th to June 10th 1999 the NATO conducted an air campaign against the FRY, codenamed Operation "Allied Force". Yugoslavian media have stated that thousands of civilians were killed in NATO air raids. However, the civilian death tolls given in detailed FRY government accounts range from 400 to 600. NATO has not released official estimates of civilians or FRY combatants killed.
NATO has claimed that its air campaign against the FRY was the most precise and lowest-collateral damage air campaign in history. However, there has been serious concerns about the extent to which NATO forces participating in Operation Allied Force adhered to the rules of international humanitarian law on the conduct of hostilities, specifically those laid down to protect civilians and civilian objects. On the basis of available evidence, including NATO's own statements and accounts of specific incidents, there is a belief that NATO forces did commit serious violations of the laws of war leading in a number of cases to the unlawful killings of civilian.

The purpose of the paper is to revise and also analyze the claims that during the NATO bombing of FRY in 1999, there were serious violations of the international humanitarian law. In doing so, two particular cases are analyzed: the attack on Grdelica railroad bridge and the attack on the RTS.

4. **D-r Aleksandar Grizev**. Personality changes during combat – relevant research, Institute for management of knowledge, 2015. ISSN 1857-92.

In the personal psychology, there has always been a discussion whether the personality and its traits//dimensions stay stable across the lifetime or they are being changed as the life goes on. There are psychologists that claim that personality dimensions stay stable for the lifetime, with only minor, almost invisible changes. There are also scientist, however, who claim that the personal traits of the individuals change substantially as the person grows old.
To show that their theory is correct, many of them conduct studies and research. There are studies that show the personal traits are being changed during the lifetime, but there are also studies that show that the dimensions of personality stay stable and are not being changed.
The purpose of the paper is to offer the ones interested in the personal psychology (personality changes) some of the research done in the recent period, trying to investigate whether or not the personality changes with time.

5. **D-r Aleksandar Grizev**, MsC Dimitar Grizev. Critical conditions and experiences in combat, Institute for management of knowledge, 2015. ISSN 1857-92.

No other phenomenon activates human emotions as it does the war. During the war virtually all human qualities and virtues are put to test, and people experience a huge range of feelings and emotions.
Combat situation as well as certain extraordinary situations in peace, because they are related to direct danger to life, generate maximum physical and psychological stresses. The harsh reality of the conduct of the war brings the individual in many temptations, placing before him many difficulties and problems. All human mental and physical capabilities, entire life experience and all its potentials are being tested. These situations are an excellent opportunity to explore the soldier's personality and his qualities and virtues. Therefore, the conduct of military personnel before a fight, during the fight (critical conditions and experiences) and after combat represents one of the most important areas of military psychology.

6. **D-r Aleksandar Grizev**, Vladimir Oncevski. Arabian Peninsula in pre-Wahhabi period, Institute for management of knowledge, 2015. ISSN 1857-92.

One of the three main monotheistic (Abrahamic) religions, Islam, appeared in the Arabian Peninsula, more specifically at the territory of what is nowadays Kingdom of Saudi Arabia. After 14 centuries, and undergoing difficulties, as well as many fractions and divisions within, the religion of Islam has changed in great amount from the authentic way of practicing. The Kingdom of Saudi Arabia, the cradle of Islam, among being the holiest Muslim land, is the place where the two most important mosques are located (Mecca and Medina).

The Kingdom is also important because it is the birthplace of the Wahhabi movement. Seeing that Islam has almost gone from the Arabs life, al-Wahhab tried to unite the tribes living in the Arabian Peninsula. Among other important figures in the Muslim history, he is responsible for the awakening of the religion of Islam in the lives of the Arabs. However, he became father of a controversial and one of the most fundamental Islamic movements, Wahhabism, influencing many other groups and movements within the Islam.

7. Stoimen Stoilov, **D-r Aleksandar Grizev**. Prevention of pre-delict behavior and prognostic of violent crimes initiated by certain event, Institute for management of knowledge, 2015. ISSN 1857-92.

This paper deals with the present-day violence and the picture of same violence in general, together with the motivation for its occurrence which might be a result of some ordinary event or some very complicated situation which is expected to have a post reaction. Consequently, are presented all known and well recognized preventive measures that affect future course of the events. At the same time is presented their

phenomenology which gives the possibility of prediction (of a specific type) of violent behavior in combination with the risk factors which may help to its prevention.

8. D-r Andrej Iliev, **D-r Aleksandar Grizev**, MsC Goce Stojkoski. The historical reasons for refugee-immigrant crisis and its comprehensive social impact on the countries of Southeast Europe, paper No. UDK 314.151.5-022.326.5(091):304(4-12), ISBN 9 789537 716745, University of applied science - Velika Gorica, Croatia, 2016.

Arab Spring that erupted in 2010 in: Tunisia, Egypt, Yemen, Libya and Syria and then like a domino effect has extend to other countries of Central and Southeastern Europe had a character of socio-economic crisis because of dissatisfaction on the people from authoritarian regimes. The extended arm of the global terror organization Al-Qaeda, the Islamic State of Iraq and Syria (ISIS) with its historical beginnings in 2004 and the culmination of its terrorist operations in the Middle East region were registered from 2014 onwards.

Having in mind that the quotas of the strongest European countries are ranging from 500 thousand to 1 million immigrants, the question that will be the main hypothesis of this scientific work is: Where are permanently inhabited other immigrants who will not receive the final destination in Europe? In this context, the auxiliary hypotheses of this scientific work are: What are bound quota of immigrants which can receive the countries of Southeast Europe and how can Southeast European countries protect themselves from the large immigrant waves that coming daily in order to protect their overall territorial integrity and social development of the societies?

Трудови објавени во странски зборници, меѓународни конференции и списанија:

9. **М-р Александар Грижев**, Димитар Грижев, „Економската криза во Европа и нејзиното влијание врз менталното здравје“, Европски Универзитет, Март 2012. ISBN 978-608-4574-47-7.

The economic crisis that began in 2007 and spread to Europe contributed significantly toward increasing the potential risks that threaten the mental health of the population. It contributed to the collapse of businesses, increasing the poverty, reducing the purchasing power and declining economic activity. As such, it poses a serious threat to the mental health, causing psychological difficulties, creating conditions for the occurrence of depression, increased alcohol use, increased anxiety, and increased number of suicides. Economic difficulties, unemployment, as well as insecurity of job positions have a significant impact on the health of Europeans. In economically developed countries, what contributes to health is not the wealth or the development of society but the way that national resources are used and the extent of providing social protection and

social security of population. The uncertainty caused by the crisis, particularly the loss of jobs and the uncertainty of job positions, reflects primarily by financial insecurity and it has big consequences (short-term or long-term) on the mental health, causing among other things: stress (risk factor for high blood pressure, diabetes, ulcers), depression, increased alcohol use, disrupted family relationships and increased rate of suicide.

10. **D-r Aleksandar Grizev**. The Religious Fundamentalism and the Role of the Internet, Euro Balkan University, 2014. ISBN 978-608-4714-11-8.

The religion existed since the emergence of the humankind. On the other hand, the interest for the religious fundamentalism started growing in the last decades. The internet, as one of the most massive media, is also relatively new. However, the relationship and the interaction between innovative information technology (especially the Internet) and religion (especially religious fundamentalism) nowadays is often perceived as contradictory and paradoxical.

Particular interest to religious fundamentalist movements is recorded at the end of 20th and the beginning of the 21st century. Most of the terrorist actions in this period are made by members and followers of religious fundamentalist movements and groups. Their presence, actions and beliefs substantially changed international relations, as well as internal constitutions in some countries (Arab Spring).

What is seemingly illogical is that all religious fundamentalists advocate for literal interpretation of sacred texts and books, they are all against modernity, but all of them take advantage of the benefits of modernity. They use almost all media to spread their message and win more followers, and certainly in the first place as a medium use the internet to spread their propaganda. Therefore, the purpose of this paper is to examine closely the religious fundamentalism and its interaction with the internet as one of the main benefits of modernity.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија ја разгледа пријавата и поднесените документи на кандидатот мајор д-р Александар Грижев и констатира дека кандидатот ги исполнува законските услови за избор во наставно-научно звање доцент.

Од доставените документи може да се види дека кандидатот има завршено Воена академија-насока ПВО, последипломски студии-магистратура од подрачјето на општествени науки, поле психологија, односно има завршено докторски студии од подрачјето на општествените науки, поле социологија.

Неговото стручно-воено искуство е збогатено со голем број на меѓународни активности на кои кандидатот земал учество. Неговота научно-истражувачка дејност е потврдена со издавањето на десет трудови на меѓународни научни конференции и

една монографија. Има учествувано на повеќе конференции и симпозиуми, а во 2018 година завршил командно-штабна академија во САД.

Во делот на научно-образовната дејност, д-р Александар Грижев почнувајќи од 2015 година е избиран од страна на ННС на Воената академија за реализација на вежбите по предметот Социологија во првиот циклус на студии. Кандидатот достави до комисијата две препораки од редовни професори односно мислење од последниот работодавец.

Согласно Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, каде што Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ е придружна членка, рецензентската комисија потврдува дека кандидатот мајор д-р Александар Грижев целосно ги исполнува условите за избор во наставничко звање. Затоа, предлагаме наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ да го избере мајор д-р Александар Грижев во звањето насловен доцент во научното подрачје општествени науки, научно поле Социологија, научни области Социологија на политиката, Социологија на религија и Социологија на правото и криминалистиката.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

д-р Славко Ангелевски, полк., ред. проф. - претседател, с.р.

д-р Славејко Сасајковски, ред. проф. - член с.р.

д-р Александра Жежова, доцент, - член, с.р.

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

Ред. Број	Наставно-образовна дејност	Поени		Вкупно поени
		во земјата	во странство	
1	2	3	4	5
2	Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестар)	2015г. 2016г. 2017г. 2018г.	8 8 8 8	32
ВКУПНО				**32**
	Научно-истражувачка дејност	**во земјата**	**во странство**	
1.	Труд објавен во меѓународна конференција во странство	8x3		24
2.	Одбранета докторска дисертација	8		8
3.	Одбранет магистерски труд	4		4
4.	Член, модератор на организационен научен одбор	2x1		2
ВКУПНО				**38**
	Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност	**во земјата**	**во странство**	
1.	Книга		1x15	15
2.	Труд објавен во зборник на трудови на стручен собир	2x2		4
3.	Стручни награди и признанија	2x8		16
4.	Студиски престој во странство			8
5.	Одржано предавање по покана од научна институција	2x2		4
ВКУПНО				**49**
ВКУПНО				**117**

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ: 5.ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ. НАУЧНО ПОЛЕ: 508. ПРАВНИ НАУК, НАУЧНИ ОБЛАСТИ:50804 „КАЗНЕНО ПРАВО“ 50818 „ЧОВЕКОВИ ПРАВА И СЛОБОДИ“ 50815 „МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И ИСТОРИЈА НА ДИПЛОМАТИЈА“ НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА ВО СКОПЈЕ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП

Со одлука бр. 03-11/109 од 24.07.2018 година, донесена на 81-та седница на Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје, придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, одржана на 24.07.2018 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања во научното подрачје: 5. Општествени науки. Научно поле: 508 Правни науки, Научни области: 50804 „Казнено право“, 50818 „Човекови права и слободи“ 50815 „Меѓународни односи и историја на дипломатија“ на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје, во следниот состав:

1. Д-р Гордан Калајџиев, редовен професор, Правен факултет УКИМ - Скопје;
2. Д-р Гордана Лажетиќ, редовен професор, Правен факултет УКИМ - Скопје;
3. Д-р Никола Тупанчески, редовен професор, Правен факултет УКИМ - Скопје;

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ и на веб страницата на Воената академија на 30 Јуни 2018 година и во предвидениот рок се пријави: д-р Тони Ѓоргиев, доцент на Воената академија - Скопје, придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Воената академија да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Кандидатот д-р Тони Ѓоргиев е роден на 20.06.1973 година, во Струмица. Основно и средно училиште завршил во Струмица. По отслужувањето на военото рок, во 1994 година стапува во работен однос во Министерството за одбрана на Република Македонија, во Одредот за специјални намени во Армијата на Република Македонија.

Во 1995 година се запишува на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што во 2000 година дипломира на насоката кривично право. Во 2001 година се запишува на постдипломски студии на истиот факултет, на насока Кривично право со Криминологија. По успешно положените испити, предвидени со студиската програма, во 2010 година кандидатот го одбранил магистерскиот труд под наслов „Претрес на дом”, со што се стекнал со звање магистер на правни науки, од областа на казнено право. Во периодот од 2010-

2013 година работи на докторската дисертација и во 2013 година успешно ја одбрани својата докторска дисертација на Правниот факултет „Јустинијан - I“ во Скопје и се здобил со звање Доктор на правни науки, Истата година е избран во наставно-научно звање доцент на научните области Казнено право, Човекови права и слободи, Меѓународни односи и историја на дипломатија на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје.

Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор

1.Доцент од научната област во која се избира: Со одлука на ННС на Воената академија бр.03-17/272 од 31.12.2013 година д-р Тони Ѓоргиев, доцент, потполковник е избран во наставно-научно звање доцент за група предмети во наставно-научната област на *:* 50804 „Казнено право“, 50818 „Човекови права и слободи“ 50815 „Меѓународни односи и историја на дипломатија“

Д-р Ѓоргиев е автор на поголем број трудови во периодот јуни 2013 до јуни 2018 година:

1. Д-р. Тони Ѓоргиев, М-р Гоце Стоиловски-Кроз људске потребе и права до бољег света и живота Правни факултет Универзитета у Нишу, Ниш, 2018

2. Д-р. Тони Ѓоргиев, М-р Гоце Стоиловски - Од закони на природата во закони на човекот Меѓународен „Славјански Универзитет“ С.Николе 2018

3. Д-р. Тони Ѓоргиев,М-р Гоце Стоиловски - Човековите Права низ призмата на следење на комуникациите „Јуридика прима“ Скопје, 2017

4. Д-р. Тони Ѓоргиев, М-р Гоце Стоиловски - Еколошко загрозување во Република Македонија низ призмата на правната основа за заштита на природата „Јуридика прима“ Скопје, 2017,

5. Doc. Toni Gjorgiev, Goce Stoilovski -Transatlantic relations between the European law and defence and the European security and defence identity Faculty of Law, University of Nis, 2017

6. Д-р. Тони Ѓоргиев, М-р Гоце Стоиловски - Човековите права низ призмата на Полициското работење „Јуридика прима“ Скопје, 2016

7. Д-р. Тони Ѓоргиев-Проблеми на регулирање на претресот како доказна мерка „Јуридика прима“ Скопје, 2015

8. Д-р. Тони Ѓоргиев, М-р Гоце Стоиловски-Преку сенката на новата студена војна кон нов посложен светски поредок , Меѓународен „Славјански Универзитет“ С.Николе, 2015

9. Toni Gjorgiev,Jugoslav Achkoski, Mitko Bogdanoski, Dimitar Bogatinov-Overview of Information Systems and Equipment for Special Units ICT Innovations Conference 2015 Ohrid, Macedonia, 2015

10. Д-р. Тони Ѓоргиев, М-р Гоце Стоиловски -Проблеми на регулирање на претресот како доказна мерка „Јуридика прима“ Скопје 2015

11. Д-р. Тони Ѓоргиев, М-р Гоце Стоиловски-Правни последици од незаконски претрес Меѓународен „Славјански Универзитет“ С.Николе 2015

12. Toni Gjorgjiev, Goce Stoilovski -Ecology through the prism of globalization, Kopaonik Srbija University of Belgrade 2015

13. Д-р. Тони Ѓоргиев - Безбедноста и правните аспекти во функција на работниците Меѓународен „Славјански Универзитет“ С.Николе-Битола, 2014

2. Позитивна оценка од самоевалуацијата:

Кандидатот има *позитивна оценка од самоевалуацијата* спроведена од Комисијата за самоевалуација на Воената академија во Скопје.

I. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Д-р Тони Ѓоргиев, до сега квалитетно, стручно и одговорно ја реализира наставата на првиот циклус на студии по предметните програми: Меѓународно военo и хуманитарно право, Уставно право со политички систем, Тактика на родот пешадија, на вториот циклус на студии по предметите: Глобализација и безбедност, Колективни системи за безбедност и одбрана, Воена дипломатија и културни разлики, на трет циклус на студии е вклучен во реализација на наставата по предметите: Меѓународно право и меѓународни односи, Хуманитарни операции и хуманитарна асистенција. Исто така, кандидатот има реализирано настава за Курсот на Офицери за правна служби по предметната програма: Право во одбраната.

Наставно-образовната дејност на д-р Тони Ѓоргиев од последниот избор се гледа и во држењето на настава на Меѓународен Славјански Универзитет во Свети Николе за предмети кои ја покриваат програмата Дипломатско и конзуларно право и Меѓународно военo и хуманитарно право.

Д-р Тони Ѓоргиев е ментор на повеќе одбранети дипломски работи, член во комисии за одбрана на дипломски работи, член во комисии за одбрана на стручно специјалистички трудови и член во комисии за одбрана на магистерски трудови.

II. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во делокругот на научно-истражувачката работа од последниот избор до сега д-р Тони Ѓоргиев е автор на поголем број трудови објавени во печатени меѓународни списанија, објавени трудови во зборници на трудови/апстракти на меѓународни и домашни конференции, симпозиуми, учество во домашни и меѓународни проекти. Кандидатот има објавеноно повеќе од 13 објавени и печатени труда во меѓународни и домашни списанија, учество во стручно апликативни и меѓународно научно истражувачки проект, исто така активно учествува на домашни и меѓународни научни и стручни конференции и семинари, организатор и тренер при учество на меѓународни натпревари за студенти/питомци.

Во периодот јуни 2013 - јуни 2018 година, д-р Ѓоргиев учествува во повеќе научноистражувачки проекти и тоа по следното:

1. EUROPEAN COMMISSION, Directorate-General Humanitarian Aid and Civil Protection – ECHO, Prevention and Preparedness Projects in Civil Protection and marine Pollution - "Advanced systems for prevention & early detection of forest fires - (ASPires)", 2017 - onwards
2. NATO SPS awarded project - 984753:SIARS (Smart I (eye) Advisory Rescue System), 2014 – onwards, http://siars-nato.finki.ukim.mk/

III. СТРУЧНО АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНО РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ

Во поглед на професионалното ангажирање и планско-програмските активности на кандидатот, треба да се истакне дека д-р Тони Ѓоргиев бил член и активно учествувал во работата на повеќе работни групи формирани од Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија како и на Воената академија.

Кандидатот, исто така, учествувал и во повеќе работни групи, комисии и активности во Воената академија, како што е активно учество на летниот кампус, учество во работната група за изготвување на елаборати за акредитација и измена и дополна на елаборатите за прв, втор циклус на студии. Претседател на комисија за прием на студенти/питомци на прв циклус на студии за потребите на Министерството за Одбрана и Армијата на Република Македонија на Воена Академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје, а учество зема во работна група за изработка на Статутот на Воената академија и врши следење на сите законски измени и стандарди.

Учество на стручен собир, семинари, меѓународни натпревари

1. Certificate, Legal Aspects of Combating Terrorism and Stability Operations, US. Ohrid, Macedonia 2013
2. Certificate, Legal Aspects of Defense Support to Civil Authorities, US. Ohrid, Macedonija, 2016
3. Certificate, Legal Aspects of Defense Support to Civil Authorities - CONUS Phase USA, 2016
4. Certificate, for attending the "Law of armed conflict" Embassy of the Republic of Austria, 2013
5. Certificate, Special Appreciation to T.G "European International Humanitarian and Refugee Low", University of Ljubljana, 2016.
6. Certificate of Participation T.G "DAYTON ARTICLE IV", RACVIAC 2014

7. Certificate of participation at the International regional conference, Maribor, 2014
8. Certificate, participation for Program "New students, new methods, new assessments" Lviv, Ukraine, 2013

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на направениот преглед и евалуација на наставно-научната, наставно-образовната и стручно-апликативната дејност, комисијата констатира дека кандидатот д-р Тони Ѓоргиев, доцент, во континуитет квалитетно, одговорно и совесно ја извршува високообразовната дејност. Истовремено од последниот избор до сега, кандидатот особено се ангажира во научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје, но и надвор од неа.

Покрај научноистражувачката дејност, кандидатот успешно ја реализира наставата на Воената академија во Скопје на прв, втор и трет циклус на студии.

Согласно со Законот за високо образование, Законот за Воена академија, Статутот на Воената академија и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатот ги исполнува условите за избор во наставно - научното звање вонреден професор.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно- научниот совет на Воената академија во Скопје - придружна членка на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои нашиот предлог за кандидатот д-р Тони Ѓоргиев досегашен доцент, и да го избере во звањето вонреден професор во научното подрачје: 5. Општествени науки, Научно поле: 508 Правни науки, Научни области: 50804 „Казнено право“, 50818 „Човекови права и слободи“ 50815 „Меѓународни односи и историја на дипломатија“ на Воената академија во Скопје при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

д-р Гордан Калајџиев, редовен професор, претседател с.р

д-р Гордана Лажетиќ, редовен професор, член с.р

д-р Никола Тупанчески, редовен професор, член с.р

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Р. бр.	Наставно-образовна дејност	Поени				
		Во земјата		Во странство		
		Број	поени	број	поени	Вкупно
1	Избран во звање асистент	1	15			15
2	Избран во звање доцент	1	30			30
	ВКУПНО					45
Р. бр.	Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности	Поени				
		Во земјата		Во странство		
		број	поени	број	поени	Вкупно
1	Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати)			1	9	9
2	Труд објавен во научно списание	1	3			3
3	Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир	7	1	3	2	13
4	Учесник во научен проект (максимум во три проекти)			2	2	4
5	Рецезент на научен труд на СЦИ					
6	Рецезент на научен труд	3 x 1				3
7	Студиски престој	10				10
	ВКУПНО					42
Р. БР.	Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност	Поени				
		Во земјата		Во странство		
		број	поени	број	поени	Вкупно
1	Елаборати и експертизи	4	2			8
2	Член на факултетски орган, комисија	30	2			60
	ВКУПНО					68
	ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ					155

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СЛЕДНИВЕ ОБЛАСТИ: 22601 МУНИЦИЈА И ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ И 51511 ВОЕНИ НАУКИ НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА „ГЕНЕРАЛ МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ“ ВО СКОПЈЕ– ПРИДРУЖНА ЧЛЕНКА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на член 173 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18) и Законот за Воена академија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/09) Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје на својата Седница одржана на 24.07.2018 година со одлука бр. 03-11/106 од 24.07.2018 година не́ избра за членови на рецензентска комисија за избор на соработник во следните научни области: 22601 муницијa и експлозивни материи и 51511 воени науки. На конкурсот објавен во весникот „Вечер“ и „Коха“ од 30.06.2018 година за избор на еден соработник за наведените области се пријави еден кандидат, м-р Љупчо Шошоловски, мајор.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, до Наставно - научниот совет на Воената академија му го поднесуваме следниов:

И З В Е Ш Т А Ј

I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

М-р Љупчо Шошоловски е роден на 03.02.1982 година во Битола, а основно и природна математичка гимназија завршил во Кичево. Своето образование го продолжил на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“-Скопје, а во 2004 година дипломирал на насоката артилерија. Воената академија ја завршува како прв по ранг во својата класа и е промовиран во чин потпоручник.

Со одбрана на магистерскиот труд „Кумулативен резач како средство за уништување на неексплодирани убојни средства и негова практична примена при уништување на проектил 76 mm“ во април 2014 година, се стекнал со научен степен *магистер од областа на безбедноста и одбраната*.

Од 2011 со одлуки на Наставно-научниот совет на Воената академија во Скопје, е избиран како експерт од практиката во областа на муницијата и експлозвните материи и воените науки. Во периодот од 2011 до 2018 година реализирал вежби по предметите Муницијa и експлозивни материи, Балистика, Артилериско вооружување опрема и инструменти, Управување и ракување со оган во артилериско ракетни единици 1 и 2, Тактика на артилерија 1 и 2, Артилериско вооружување со подготовка на артилериски дејства 1и 2, Вооружување на оклопни борбени возила со правила за гаѓање и Пешадиско вооружување со настава за гаѓање 2.

Кандидатот има учествувано на семинари и конференции од областа на муницијата и експлозивните материи како и од други сродни области, со свои научно-истражувачки и стручни трудови и презентации. Коавтор и автор е на научни и стручни трудови, кои се објавени во домашни и странски публикации.

Во рамки на работниот ангажман во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, има земено учество во неколку меѓународни конференции, обуки и состаноци. Член е на Работната група за стандардизација од областа на муницијата и експлозивните материи. Во текот на неговата кариера повеќе пати е пофалуван од Министрите за одбрана и Началникот на генералштабот на Армијата на Република Македонија. Активно Учествувал на Летниот кампус во 2010, 2012, 2014, 2015 и 2016 година.

II. ЗАКОНСКИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК

1. Магистер од научната област во која се избира

Кандидатот м-р Љупчо Шошоловски е магистер од областа на безбедноста и одбраната и како доказ ја има приложено дипломата и уверението со кои се стекнал со назив магистер од областа.

2. Просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и втор циклус, за секој циклус посебно

- Кандидатот има остварено просечен успех 9,55 на студиите на прв циклус и просечен успех 10,00 на студиите на втор циклус, што може да се види од приложеното уверение за завршен прв циклус и диплома за завршен втор циклус.

3. Познавање на еден странски јазик

- Кандидатот има уверение за познавање на англискиот јазик: СТАНАГ 2+.2+.2.2+. (слушање, зборување, читање и пишување) со број 16-1044/34 издаден на ден 14.12.2017 година од СТАНАГ 6001 тимот во Министерството за одбрана на Република Македонија и Сертификат за познавање на англиски јазик ниво Б1 според европската скала (Кембриџ програма) издаден на 10.12.2014 година во Британскиот совет.

III. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ОД КОНКУРСОТ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК

1. Искуство од работа со Експлозивни материи што се докажува со објавени трудови од областа на Експлозивните материи. Кандидатот ги има објавено следните трудови:

Бр.	Автор	Наслов на трудот	Списание/Публикација	Години на излегување на списанието/ публикацијата
1	Смилески, Р., Поповски, О. и Шошоловски, Љ.	Неексплодирани убојни средства (муниција) како причина за појава на експлозија-пожар.	Зборник на научни трудови. Безбедносно инжинерство при работа и пожар, Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ Свети Николе-Битола, 213-221.	2013
2	Смилески, Р. и Шошоловски, Љ.	Намалување на опасноста од експлозија-пожар при уништување на неексплодирани убојни средства.	Втора меѓународна научно-стручна конференција: Безбедносно инжинерство при работа и пожар, Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ Свети Николе-Битола, 122-129.	2014

2. Познавање на инструментите за испитување на хемиската стабилност на барутите (Течна хроматографија, Бергман-Јуинг методата);

- Кандидатот со наредба на Воена академија од 11.03.2018 година бил ангажиран за Воведување на методата на Берманг-Јуинг за испитување на хемиска стабилност на барутите во хемиската лабараторија при Катедрата за природни и воено-технички науки.

3. Кандидатот да е воено лице

- Кандидатот е мајор во Армијата на Република Македонија и во моментот извршува должност Командир на наставна група во Центарот за обука на питомци.

При утврдување на комплетноста на документите, Рецензентската комисија констатираше дека кандидатот ги доставил сите документи предвидени со конкурсот и согласно законот за високо образование.

IV. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

М-р Љупчо Шошоловски стручно, одговорно и квалитетно ги реализира наставните обврски на првиот циклус на студии при Воената академија во Скопје по предметите за кои е ангажиран како стручњак од практиката или му биле доделени во рамките на неговиот професионален ангажман.

За прв пат е ангажиран како стручњак од практиката во учебната 2011/12 година по предметот Балистика. Од тогаш па заклучно со учебната 2017/18 година ги реализирал вежбите по предметите: Муниција и експлозивни материи, Балистика, Артилериско вооружување опрема и инструменти, Управување и ракување со оган во артилериско ракетни единици 1 и 2, Тактика на артилерија 1 и 2, Артилериско вооружување со подготовка на артилериски дејства 1и 2, Вооружување на оклопни борбени возила со правила за гаѓање и Пешадиско вооружување со настава за гаѓање.

V. НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во делокругот на научно-истражувачката работа, кандидатот како автор или коавтор има објавено вкупно 8 труда, од кои: 2 објавени во научно списание и 6 во зборници на трудови на научен собир.

<u>Трудови објавени во научни списанија</u>

1. Smileski, R., Shosholovski, Lj (2016). Creation, management and storage of radioactive waste and its envioronmental effects. Меѓународно научно списание. Современа македонска одбрана. vol 16, number. 31. стр. 53-66. ISSN 1409-8199

   Предмет на истражување во трудот е создавањето на радиоактивниот отпад, управувањето, транспортот, складирањето и неговото влијание врз животната средина. Откривањето на радиоактивноста односно фактот дека радиоактивното зрачење може да продира низ материјата нашло широка примена на радиоактивните материјали во медицината, земјоделството, индустријата, истражувањето и слично. Како резултат на широката примена на радиоактивните материјали, денес се соочуваме со големи количини на радиоактивен отпад кој се јави како нуспроизвод од употребата на радиоактивните материјали.

2. Smileski, R. i Shosholovski, L. (2018). Клучни принципи во безбедноста и здравје при работа. 9th International Scientific Conference Scientific Journal «INTERNATIONAL DIALOGUE: EAST-WEST» (ISSN print:1857-9299, ISSN online: 1857-9302).

   Во трудот е даден осврт на клучните принципи за безбедност и здравје при работа со цел одржување и унапредување на здравјето и работниот капацитет

на работниците, подобрување на работните услови, како и развој на работните организации и превентивна безбедност.

Трудови објавени во зборник на трудови на научен собир

1. Шошоловки, Љ. (2012). *Сајбертероризам.* Научно-стручната конференција MILCOM 2012 „Процесот на планирање и донесување одлуки во современите операции-Каде сме денес, а каде треба да бидеме утре?“. Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“- Скопје, зборник на трудови, 219-224. ISBN 978-9989-2851-1-0

Во трудот е истакнато значењето на феноменот наречен сајбер-тероризам како нова асиметрична закана и неговото влијание во современите војни чија цел се човековиот ум и интелектуален капитал.

2. Смилески, Р., Поповски, О. и Шошоловски, Љ. (2013). Неексплодирани убојни средства (муниција) како причина за појава на експлозија-пожар. Зборник на научни трудови. Безбедносно инжинерство при работа и пожар, Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ Свети Николе-Битола, 213-221.

Предмет на истражување во овој труд се пожарите кои настануваат како последица од експлозијата на неексплодирани убојни средства. Кога муницијата се користи во борбени активности, завојуваните страни ја исфрлаат врз целите на доста големи растојанија и многу тешко е нејзиното контролирање од аспект на активирањето на местото на падот. Што значи неексплодираните проектили остануваат на просторот каде се исфрлени и како такви преставуваат голема опасност во одредени услови да дојде до појава на експлозија, во непосредна близина ако има запалива материја и до појавата на пожар.

3. Смилески, Р. и Шошоловски, Љ. (2014). Намалување на опасноста од експлозија-пожар при уништување на неексплодирани убојни средства. Втора меѓународна научно-стручна конференција: Безбедносно инжинерство при работа и пожар, Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ Свети Николе-Битола, 122-129.

Во трудот се презентирани дел од сопствените истражувања поврзани со изнаоѓање на прифатлив модел за уништување на неексплодираните убојни средства, со кој на едноставен, ефикасен и ефективен начин се создаваат безопасни услови. Понуденото решение е практично применето при уништување на неексплодирани убојни средства во теренски услови при што е минимизирано

безбедносното растојание од нивното распрскувачкото дејство, а опасноста од пожар сведена на минимум.

4. Смилески, Р. и Шошоловски, Љ. (2014). Глобализацијата предизвик за националните култури. Зборник на трудови. Петта меѓународна научна конференција Меѓународен дијалог: Исток-Запад: Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ Свети Николе-Битола, 18-21.)

Во трудот е разгледана културата како сложена целина која ги опфаќа сознанието, верувањето, уметноста, моралот, правото, обичаите и другите погодности и начини кои човекот ги стекнал како член на заедницата. Продорот на западната култура и западниот начин на живеење, во неразвиените и земјите во развој, без разлика на неговиот обем може негативно да влијае врз културниот идентитет, но и на традициите на населението што живеат на тие подрачја.

5. Смилески, Р. и Шошоловски, Љ. (2014). Миграцијата феномен на глобализацијата. Зборник на трудови. Прва меѓународна научна конференција: Општествената промена во глобалниот свет. Центар за правно-политички истражувања, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ –Штип.

Овој труд преставува осврт на зголемувањето на миграцијата како еден од највидливите и најзначајни аспекти на глобализацијата односно зголемувањето на бројот на луѓе кои се преселуваат (мигрираат) во рамките на државите и преку нивните граници, барајќи подобри можности за вработување и животен стандард.

Во зависност од обемот и динамиката, како и видовите на миграционите движења, меѓународните миграции може да имаат значајно влијание како врз развојот на населението, така и врз социјалниот и економскиот развој на земјата. Оттаму, нивното континуирано проучување е мошне важно за националното планирање на демографскиот и социо-економскиот развој.

6. Smileski, R., Shosholovski, L., i Smileski, S. *(2014). Prevencija kriminaliteta u urbanoj sredini.* Zbornik sazetaka .Međunarodnoj konferenciji Sigurnost urbanih sredina. XIV Dani kriminalistickih nauka. Sarajevo, FKKSS, 16.05.2014. str.54-55.

Во овој труд е опфатено влијанието на урбанизацијата врз криминалитетот, стратегии и концепти за превенција, како и мултисекторскиот пристап за намалување на криминалот во урбаните средини.

Комисијата цени дека горенаведените стручни и научни објавени трудови се од научното подрачје на техничко-технолошките науки и општествените науки.

VI. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ

Член на комисии

Кандидатот членува во работна група за стандардизација на муниција и експлозивни материи (РГС-05) во два мандати, и тоа:

1. Во периодот од 2015 до 2017 година со Решение за формирање Работна група за стандардизација од областа Муниција и минско експлозивни средства на Министерот за одбрана бр. 04-1295/1 од 17.02.2016 година.
2. Во период од 2018 до 2019 година со Решение за формирање Работна група за стандардизација од областа Муниција и минско експлозивни средства на Министерката за одбрана бр. 02-1370/9 од 27.02.2018 година.

VII. ЗАКЛУЧОК

Врз основа на податоците од професионалната биографија, работното искуство и остварените резултати во наставно-научната и стручна дејност, Рецезентската комисија констатира дека кандидатот м-р Љупчо Шошоловски ги исполнува условите за избор во соработник согласно распишаниот конкурс од страна на Воената академија, Законот за високо образование на Република Македонија и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип. Рецезентската комисија смета дека полето на истражување во магистерскиот труд, како и научните дисциплини кои се опфатени во објавените трудови се тесно поврзани со научните области за кои конкурира кандидатот и го прави подобен за да биде избран во соработник во овие области.

ПРЕДЛОГ

Имајќи го предвид изложеното во заклучокот, Рецензентската комисија одлучи да даде позитивна оценка за избор на кандидатот за соработник на Воената академија.

Затоа со големо задоволство и чест му предлагаме на Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје да го избере м-р Љупчо Шошоловски за СОРАБОТНИК, во звањето АСИСТЕНТ во следните области: 22601 муниција и експлозивни материи и 51511 воени науки.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

1. д-р Росе Смилески, ред. проф., член, с.р.
   Универзитет „Гоце Делчев“-Штип,
   Военa академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје,
   -придружна членка-

2. д-р Орце Поповски, ред.проф., член, с.р.
   Универзитет „Гоце Делчев“ Штип
   Военa академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје,
   -придружна членка-

3. д-р Славко Ангелевски, ред. проф., член, с.р.
   Универзитет „Гоце Делчев“ Штип
   Военa академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје,
   -придружна членка-

VIII. ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

Ред. Број	Наставно-образовна дејност	Поени		Вкупно поени
		во земјата	во странство	
1.	Избор во звање помлад асистент			-
2.	Избор во звање асистент			-
3.	Избор во звање асистент докторант			-
4.	Избор во звање доцент			-
5.	Избор во звање вонреден професор			-
ВКУПНО				-
Ред. Број	**Научно-истражувачка дејност**	**во земјата**	**во странство**	**Вкупно поени**
1.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати)	2x6		12
2.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови на научен собир	6x1		6
3.	Учество на научен собир со реферат (постер/усно)	2x1,5		3
4.	Одбранета магистерска работа	1x4		4
				25
Ред. Број	**Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност**	**во земјата**	**во странство**	**Вкупно поени**
	Член на комисии	2x2		4
	Стручни награди и признанија	4x4		16
ВКУПНО				**20**
ВКУПНО				**45**